Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 65, 1 септември 2011 година

септември 2011 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд- одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научна област гастрономија на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област хемија на текстилот на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 6

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник од наставно-научната област македонистика на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 12

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 19

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за наставно - научното поле/област – клинички медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 21

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за наставно - научното поле/област – фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 32

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Истражно дупчење“ од авторот проф. д-р Орце Спасовски, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Макро и микро аспектите на трошоците во здравствениот сектор“ (скрипта) од авторот доц. д-р Александар Костадиновски, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 39

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Современи тенденции на јавното здравство”, од авторот доц. д-р Круме Николоски, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 45

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по анатомија со физиологија на домашните животни” од д-р Ацо Кузелов, доцент на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 48

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по основи на сточарското производство” од д-р Ацо Кузелов, доцент на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 49

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на учебникот „Механика на карпи“ од проф. д-р Зоран Панов, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 50

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГАСТРОНОМИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.2602-109/3 од 4.6.2011 година, донесена на 54. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 4.6.2011 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област гастрономија на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Дневник" на 17 мај 2011 год. и во предвидениот рок се пријави кандидатката м-р Душица Санева.

По разгледувањето на пристигнатиот материјал, врз основа на чл. 124 и 125 од Законот за високото образование и чл. 7, 36, 37 и 38 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија врз основа на приложената документација и личното познавање на кандидатката има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логитика да му го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Душица Санева** е родена на 6 мај 1983 година во Штип. Средното образование го завршува во гимназијата „Славчо Стојменски" во Штип, со континуиран одличен успех. Дипломира во 2006 година на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Република Македонија и се стекнува со диплома **дипломиран инженер прехранбен технолог**. Во 2011 година на истата институција успешно ја одбранува својата магистерска теза на тема „*Интегриран модел за обезбедување квалитет на рolован вафел и чоколадо за готвење*“ и се стекнува со звање **магистер на технички науки од областа менаџмент на квалитет**.

Од ноември 2008 година па до денес е ангажирана како лаборант на Факултетот за туризам и бизнис логистика во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип и притоа успешно ги реализира сите задолженија, при што покажува солидни вештини на комуникација, како и способност за организирање и имплементирање на оперативните задачи.

Кандидатката во овој период активно учествува во научноистражувачката дејност преку неколку обуки, работилници и меѓународни конференции. Истовремено, таа е коавтор на еден научен и стручен труд што упатува на нејзиниот интерес и афинитет за научноистражувачка работа. Од приложената документација се гледа дека одлично го говори англискиот јазик и дека има компјутерски познавања од повеќе оперативни програми како Windows и Microsoft Office, а истовремено ги познава софтверите: Mad Lab, Statistika StatSoft 2010 и SmartDraw.

***I. Обуки:***

1. Обука за одржлив туризам, Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово ТЕМПУС IV Проект „Користење на локалните ресурси – одржлив агробизнис и туризам во земјите од јужен Балкан", Тетово, 2010 г.
2. Center of applied spectroscopy international summer schools 2009 GC and UV-VIS Spectroscopy Application, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, 2009 г.
3. Трениг курс за планирање на развојот на туризмот и менаџментот, Национален центар за истражување, Министерство за надворешни работи, Каиро, Арапска Република Египет, 2009 г.

4. Учество на семинар на тема „Нов пристап во развојот на менаџментот на квалитет“, 2009 г.

*II. Работилници:*

1. Работилница за Стратешкиот план за локален економски развој на Општина Штип, мај 2011 г.
2. Работилница за потенцијалот на Берово како дестинација за алтернативен туризам, 2009 г.
3. Работилница за Туристички акционен план на општините Штип и Карбинци, јануари 2009 г.
4. Работилица за употреба на case study методот во образовниот процес, февруари 2009 г.
5. Работилница за стратегијата за туристичко акционо планирање за Општина Штип, декември 2008 г.

*III. Конференции:*

1. Учество на Првата меѓународна конференција за човечки ресурси организирана од страна на Македонската асоцијација за човечки ресурси.

*IV. Трудови:*

1. Ташков, Н., Методијески, Д**., Санева, Д.,** „Туризмот – можност за развој на градовите”, IV Конгрес на географите, Дојран, 2010.

*V. Признание:*

1. Благодарност за учеството на VI традиционален натпревар „Подготвување на торта“, Меѓународен саем за храна и технологија за прехранбена индустрија **FOOD-TECH 2009**, Адана-Турција, 25-28 март 2009 г. Натпреварот е одржан на 27 март 2009 година.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатката м-р Душица Санева ги исполнува сите законски критериуми за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за да биде избрана за помлад асистент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да ја избере **м-р Душица Санева за помлад асистент во научната област гастрономија на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Билјана Петревска, претседател, с.р.**
**Доц. д-р Златко Јаковлев, член, с.р.**
**Доц. д-р Никола Димитров, член, с.р.**